Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

________________

________________

Скопје

Судскиот совет на Република Северна Македонија одлучувајќи по поднесено барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на И.Т., судија на Основен суд О., по спроведената постапка согласно член 69 став 4 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ" бр. бр.102/19), а во врска со член 78 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр. 58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19) на одржаната седница на ден 22.07.2024 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

На И.Т., судија на Основен суд О. и **СЕ ИЗРЕКУВА** дисциплинска мерка Јавен укор согласно член 78 став 1 алинеја 2 од Законот за судовите, за сторена повреда по член 76 став 1 алинеја 4 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр.96/19).

**О б р а з л о ж е н и е**

До Судскиот совет на Република Северна Македонија од страна на подносителот Р.В., адвокат од С. поднесено е Барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на И.Т., судија на Основен суд О., заведено под бр. од 22.12.2023 година, (нов бр.).

Барањето за поведување постапка за утврдување одговорност на судијата е поднесено согласно член 75 в.в. со член 76 став 1 алинеја 4 од Законот за судовите. Во барањето, образложени се причините за поднесување на истото при што е наведено дека судијата нестручно и несовесно ја вршела судиската функција, дека

без потреба и противзаконито ја одолговлекувала постапката, иако согласно чл.326 од Законот за парнична постапка била должна во рок од 15 дена писмено да ја изготви пресудата, да ја достави до странките за понатамошно постапување и да ја објави на веб страната на судот. Судијата постапувајќи по предметот на Основниот суд О. П1.бр. ја затворила главната расправа на ден 08.06.2023 година, а на ден 16.06.2023 година донела пресуда и истата јавно ја објавила со која го одбила тужбеното барање на тужителките. Подносителот наведува дека од денот на објавување на пресудата - 16.06.2023 година до денот на доставување на пресудата на тужителките, поточно на 01.03.2024 година поминале скоро (9) девет месеци, а од денот на објавување на пресудата поминале повеќе од 5 (месеци), но истата не била изработена. Во прилог на наводите за оддолговлекување на постапката се доставени и докази-записници од главни расправи.

Според наводите во барањето, со опишаните дејствија, судијата И.Т. постапувајќи по предметот на Основниот суд О. П1.бр. постапила спротивно на чл.326 од Законот за парнична постапка, не ја изработила пресудата во законски предвидениот рок од 15 дена од денот на јавното објавување на пресудата, не ја доставила до странките за понатамошно постапување и не била објавена на веб страната на судот и со тоа нестручно и несовесно ја вршела судиската функција во смисла на член 75 в.в. со член 76 став 1 алинеја 4 од Законот за судовите („Сл.весник на РМ“ бр.58/2006, бр.35/2008 година, бр.150/2010 и бр.83/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19).

Судскиот совет на седница одржана на ден 22.07.2024 година расправаше по Извештајот на Комисијата, при што утврди дека судијата И.Т., како судија на Основен суд О. го примила во работа, односно автоматски и бил прераспределен предметот П1.бр. сметано од 03.01.2023 година. По приемот, судијата го насрочила предметот на ден 13.01.2023 година, по што биле закажани рочишта за 27.01.2023 година, на 16.03.2023 година и на 08.06.2023 година, а одлуката била донесена на 08.06.2023 година, а објавена на 16.06.2023 година. Од записникот за јавна расправа од 08.06.2023 година по конкретниот предмет видно е дека судијата донела решение за одржување на главна рсправа, на која закажала рочиште за јавно објавување на пресудата за 16.06.2023 година. Од записникот рочиште за објавувување на пресуда од 16.06.2023 година видно е дека судот донел пресуда П1.бр. со која тужбените барања се одбиваат како неосновани. Од увид во електронскиот систем видно е дека по предметот П1.бр. пресудата била писмено изработена и верифицирана на 31.01.2024 година по што истата

била доставена и до странките. Согласно вака утврдената состојба произлегува дека од денот на донесување на пресудата на 08.06.2024 година и објавување на 16.06.2024 година, до денот на писменото изготвување на пресудата кое е евидентирано на 31.01.2024 година се поминати повеќе од 7 месеци. Од страна на тужителот на 12.02.2024 година била изјавена жалба, а на 12.03.2024 година предметот бил испратен во А.С. Б. заради постапување по изјавената жалба.

Во случајот судијата била должна согласно чл.326 од Законот за парнична постапка, во рок од 15 дена од денот на јавното објавување на пресудата, писмено да ја изготви истата, да ја достави до странките за понатамошно постапување и да ја објави на веб страната на судот.

Советот сепак ги имаше предвид наводите на судијата во одговорот на барањето дека не се точни наводите дека поминале 9 (девет) месеци до денот на доставата на пресудата, дека причина за неизготвување на пресудата е големиот обем на работа на предмети кои на судијата и биле доделени на постапување и дека е намален бројот на судии во судот и во услови кога судијата суди и во несудечки денови, дека во конкретниот случај се работи за сложен предмет, со тужба по повеќе тужбени барања и повеќе докази за анализа, дека предметот бил превземен од друг судија и бил во фаза на подготвително рочиште кое било одлагано неколку пати, дека главната расправа била заклучена на 08.06.2023 година, а пресудата била објавена на 16.06.2023 година. Судијата и покрај големиот обем на предмети во работа, во континуитет превземал дејствија  по предметот односно го насрочувал и донел одлука, но неспорно е дека истата не ја изработил и не ја доставил до странките во законски предвидениот рок. Големо влијание за ваквата состојба имало и недоволниот број на судии и големиот број на граѓански предмети во судот.

По оценка на Советот погоре наведените олеснителни околности даваат основ за изрекување на дисциплинска мерка - јавна опомена со која ќе исполни целта на изрекувањето на мерката, воспитно да дејствува врз сите,  не само врз судијата, особено имајќи го предвид фактот дека одлуката веќе е изготвена и доставена е до странките, во тек е жалбена постапка, меѓутоа ова не ја исклучува одговорноста како судија да внимава во иднина да не се сторуваат било какви повреди во насока на одолговлекување на постапката, неизготвување,  недоставување и необјавување на одлука во законски предвидениот рок. При утврдување на одговорноста на судијата земени се предвид тежината на

повредата, степенот на одговорност, околностите под кои е сторена повредата, како и последиците од повредата. Ова дотолку повеќе што Судскиот совет има должност да ја зачува довербата на судството во очите на јавноста и правната сигурност на граѓаните.

Имајќи го предвид погоре утврденото, Советот одлучи како во изреката на решението, односно на судијата И.Т. од Основен суд О. И се утврдува дисциплинска одговорност за сторена повреда по член 76 став 1 алинеја 4 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06, 62/06, 35/08, 150/10, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19).

Одлучено во Судски совет на Република Северна Македонија на ден 22.07.2024 година.

**Правна поука:** Против одлуката дозволена е жалба до Советот за одлучување по жалби при Врховниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истата.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Весна Дамева**

Доставено до:
- подносител на барањето
- судија
- Основен суд О.